Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
Бр. 03-572/2
27.11.2024 год.
СКОПЈЕ

До
Советот за квалитет на
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН (2024/2025)

## со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за драмски уметности -Скопје. |
| Седиште | Адреса: ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр.22<br>п.фах 134, 1000 Скопје,<br>Република Северна Македонија |
| Контакт-информации | 02/ 3061 - 188 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт-информации) | БЕСФОРТ ИДРИЗИ<br>besfort.idrizi@fdu.ukim.edu.mk |
| Членови на Советот за квалитет на единицата | вон. проф. м-р Борјан Зафировски (Претседател)<br>проф. м-р Лазар Секуловски<br>проф. д-р Игор Вецовски<br>Андреа Марковска, студент<br>Викторија Рангелова, претставник на НУ Драмски театар - Скопје |
| Учебна година за која се однесува Годишниот акциски план | 2024/2025 |
| Датум на усвојување од страна на Советот за квалитет на единицата | 03-572/1 од 20.11.2024 |
| Датум на усвојување од страна на Наставно-научниот совет на единицата | 0202-574/8 од 27.11.2024 |
| Годишниот акциски план | ☐Се доставува првпат.<br>■ Се доставува вторпат, со коригирани технички забелешки.<br>☐ Се доставува вторпат, по завршена доработка. |

Место, датум

МП

Овластено лице на установата
(потпис)

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
Република Северна Македонија
СКОПЈЕ

**Приказ на состојбата – клучни наоди од Извештајот за самоевалуација**

| Предности | Слабости |
| --- | --- |

| | |
|---|---|
| • Квалитетна наставна и научно-уметничка образовна институција од областа на сценскоизведувачките и аудиовизуелните уметности, потврдена преку голем број награди (кандидати за Оскар) и признанија на студенти и професори;<br><br>• Висок квалитет на научно-истражувачки и уметнички образовни услуги и интензивна партнерска соработка со реномирани високо-образовни, научни и уметнички институции во светот;<br><br>• Наставничкот и соработничкиот кадар на Факултетот е составен од редот на најпознатите творци во областите кои ги предаваат;<br><br>• Спроведување на квалитетна, интерактивна и транспарентна настава и едуцирани конкурентни и оспособени студенти за самостојна работа со широка основа за понатамошна континуирана надградба во професијата;<br><br>• Голем број награди на театарски и филмски фестивали (А, Б и други категории);<br><br>• Студиски програми ги следат најновите трендови во театарската и филмската индустрија во светот, ги подготвуваат студентите во целост да одговорат на потребите на пазарот на труд и се со јасно дефинирани цели и компетенции со прецизни и соодвентни параметри;<br><br>• Факултетот и покрај постојаниот недостиг од финансии, успешно поттикнува и реализира стручно уметничка работа;<br><br>• Студентите се вклучени во уметничките проекти (аудиовизуелни, изведувачки и филмски) кои ги водат или се дел од колективното авторство професорите; а студентите заземаат соодветен удел во истите. | • Наставата и вежбите се изведуваат во дотраени бараки, стари повеќе од 60 години<br><br>• Стабилно, но недоволно финансирање од страна на надлежните министерства и институции за реализација на студентските претстави, филмови и други сценскоизведувачки и аудиовизуелни дела;<br><br>• Недоволна вклученост на студентите во реформите на студиските програми и нивното осовременување;<br><br>• Отсуство на тело кое ќе биде надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет;<br><br>• Нужност од системски решенија за подмладување на наставниот кадар и ангажирањето на наставници и стручњаци надвор од земјата и од странство;<br><br>• Потреба од акредитирани студиски програми на англиски јазик и анулирање на дефицититот на странски студенти.<br><br>• Отсуство на темелни статистички показатели за вработливоста и механизам за обезбедување на овие податоци;<br><br>• И покрај тоа што континуирано се анализираат анонимните студентски анкети, се имплементираат искуствата на факултетите и академиите кои се учесници на Скомрахи и се разговара со студентите и раководителите на катедрите за позитивните и негативните страни на студиските програми и нивното подобрување, сепак, студентите не се формално и доволно вклучени во изработката на студиските програми;<br><br>• Веб-страната е застарена, непрегледна и не нуди можност за поголема интеракција на наставниците и студентите |

| | |
|---|---|
| | • Отсуство на системска финансиска поддршка за практичните уметнички дела на студентите;<br>• Соодветните работни услови за наставниот кадар не се на задоволително ниво;<br>• Информатичката опрема и технологијата бргу застаруваат и не се одржува чекор со технолошкиот напредок и промените;<br>• Бројот на ангажиран визитинг наставници и афирмирани научници од странство во рамките на реализацијата на студиската програма е мал;<br>• Системот за финансирање на установата односно студиските програми не е ефикасен и не се базира на потребите на студентите;<br>• Факултетот не располага со систем за финансирање на научноистражувачка / уметничка дејност кој е сеопфатен и ефикасен;<br>• Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се дотраени и не се соодветни за реализација на студиската програма;<br>• Отсуство на континуитет во активностите на Одборот за поддршка (алумни);<br>• На Факултетот не се користат доволно можностите за мобилност;<br>• Факултетот нема на располагање или има незначителни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка;<br>• Дефицитот на финансиски ресурси е причина за отсуство на визитинг професори, професори од странство за ментори и членови на магистерски и докторски трудови итн. |

| Можности | Закани |
| --- | --- |
| • Поагресивна промоција на филмските и театарски студиски програми и привлекување на студенти од странство;<br>• Спроведување на гостувања и посети на средни училишта и промоција на студиските програми или месечно организирање на отворени денови на ФДУ;<br>• Афирмација на студиските програми во земјава и странство;<br>• Студиски програми на англиски јазик;<br>• Со системска финансиска поддршка, стекнатите вештини и компетенции можат да се обликуваат во уште поквалитетни студентски филмови, претстави и други сценскоизведувачки и аудиовизуелни проекти. | • Неадекватен простор за настава и реализација на активностите поврзани со студиските програми;<br>• Децениски дефицит на финансиски средства за реализација на аудиовизуелни и сценскоизведувачки дела за потребите на студиските програми и за сервисирање и обезбедување на нови технологии;<br>• Оскудните просторни ресурси/капацитети на факултетот ја усложнуваат реализацијата на студиските програми и е неопходен нов (или адаптиран/реконструиран), современ и соодветен простор;<br>• Отсуството на системска финансиска поддршка за практичните уметнички дела на студентите е лимитирачки фактор во изразувањето на студентската имагинација и идејни концепти I го намалува квалитетот на ументничката продукција |

| СТАТУС НА СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ | |
| --- | --- |
| **Стандарди кои се целосно исполнети** | - |
| **Стандарди кои се делумно исполнети** | 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 |
| **Индикатори кои се делумно исполнети** | 1.1., 2.1., 2.4., 2.7., 2.8., 3.1., 4.3., 5.3., 5.5., 5.6., 5.7., 6.1., 6.2., 6.3., 6.6., 7.1., 7.2., 7.3., 8.1., 9.2., 9.3. |
| **Стандарди кои не се исполнети** | - |

| | |
|---|---|
| **Индикатори кои не се исполнети** | 1.1 Сите параметри на индикаторот се исполнети, освен недоволната вклученост на студентите во реформите на студиските програми и нивното осовременување, отсуство на тело кое ќе биде надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет и акциски планови врз основа на кои ќе се преземаат различни мерки за подобрување на квалитетот.<br><br>2.1 Не се обезбедени темелни статистички показатели за вработливоста и механизам за нивно обезбедување.<br><br>2.4 Студентите не се формално и доволно вклучени во изработката на студиските програми.<br><br>2.7 Веб-страната е застарена, непрегледна и не нуди можност за поголема интеракција на наставниците и студентите.<br><br>2.8 Недостига академски кадар за акредитирање на дефицитарни студиски програми од областа на филсмката и театарска уметност (звук, мултимедија, сценографија, костимограгфија, анимација...).<br><br>3.1 Сите параметри на индикаторот се исполнети, освен отсуство на системска финансиска поддршка за практичните уметнички дела на студентите.<br><br>4.3. Индикаторот е целосно исполнет со исклучок на вреднувањето на различни форми на неформалното учење (на пр. усовршување преку практична работа, учество на работилници и сл.) кои не се системски утврдени кај сите предметните/студиските програми.<br><br>5.3. Постои недостаток на наставен кадар кој ја отежнува реализацијата на наставата, особено за одредени студиски програми (Театарска режија и Филмско и ТВ снимање; наскоро истото следи и кај останати програми поради пензионирање на постоечки наставници). Оттука, неопходно е да се дефинираат приоритети за надополнување на наставниот кадар и да се започнат соодветни активности што се во домен на надлежните министерства.<br><br>5.5. Просторните и технички капацитети на факултетот се многу застарени и недоволни за одржување и унапредување на наставата. Објектот не овозможува доволен простор за работа на сите наставници, а посточкиот простор е веќе одамна амортизиран. Неопходно е и осовременување и надрадување на техничките средства, особено на сценската техника и информатичката опрема со која располага факултетот.<br><br>5.6. Индикаторот е делумно исполнет поради ограничените можности за истражувачки проекти во науката и (посебно) уметноста на ниво на цалата замја. Факултетот веќе обезбедува одредено професионално усовршување на наставниот кадар преку минатите/постоечките проектните активности, а овој |

| | |
|---|---|
| | процес дополнително би се поттикнал во идниот период.<br><br>5.7. Финансиските ресурси на факултетот спречуваат целосно исполнување на индикаторот. Реална опција за зголемено учество на визитинг професори и стручњаци од практиката во наставниот процес е нивно директно инволвирање во проектните активности на факултетот, и во формите на соработка на факултетот со релевантни домашни и странски организации.<br><br>6.1. Индикаторот е делумно исполнет поради недоволното финансирање на севкупното работење на факултетот што се реперкуира на различни аспекти на наставните процеси и потреби на студентите (наведени се во останатите стандарди/индикатори). Истото се однесува и на ограничувањата на постоечките извори на финансирање на уметнички и научноистражувачки проекти – во оваа смисла, можни начини за исполнување на индикаторот е анализа на алтернативи и нивно искористување.<br><br>6.2. Индикаторот не е исполнет во делот на адекватност на постоечката техичка инфраструктура и простор. Нивното унапредување вклучува спецификација за конкретни потреби за набавка и одржување (врз основа на постоечкиот континуиран процес на мониторинг) како основа за обезбедување на соодветни финансиски средства.<br><br>6.3. Бројот на вработени во административна/помошна служба е неопходно да се зголеми за целосно исполнување на индикаторот. Новите вработувања значајно влијаат во фукнционирањето на битни сегменти на реализација на наставата/студиите, односно на вкупното работење на факултетот  (финансии, наставна продукција и чуварска служба). Потребно е и надополнување на компетенциите на вработените кои управуваат со сценска/филмска техника што ја користат студентите при практичната настава.<br><br>6.6. Наставниот и административниот/техничкиот кадар има мошне блиска соработка со дел од завршените студенти – тие се директно вклучени во наставата (особено во реализација на практичните и испитни вежби) и проектите на факултетот. Сепак, целосно исполнување на индикаторот претпоставува и посебни форми на континуирано инволвирање на алумни заедницата, односно функционално надградување на постоечкиот Одбор за поддршка (алумни) на факултетот,<br><br>7.1./7.2./7.3. Делумно исполнети индикатори поради недостаток на современа информатичка опрема и лиценцирани софтвери.<br><br>8.1. Делумно исполнет индикатор поради недостаток на кадар кој редовно ќе ги собира, обработува и објавува информациите на постоечката веб-страна.<br><br>9.2. Делумно исполнет индикатор поради недостиг на вработени за формиране на посебно тело кое е надлежно за извршување на функциите од областа на меѓународна соработка и иинтернационализација.<br><br>9.3. Овој индикатор е делумно исполнет поради доминантно |

| | |
|---|---|
| | покривање на трошоците за реализиране на меѓународни проекти од страна на партнерски институции и со личен финансиски придонес од вработените. За подобрување на меѓународната соработка и унапредување на партнерски односи со сродни организации од странство потребни се дополнителни финансиски средства. |

| | |
|---|---|
| **Најдобри практики и научени лекции во последната учебна година (се наведуваат до 5)** | - Развивање и интензивирање на соработка со релевантни домашни институции и организации од јавниот, невладиниот и приватниот сектор (театри, културни центри, фестивали, итн.), вклучувајќи и формални меморандуми за соработка и бројни реализирани проекти – на овој начин факултетот мошне значајно го зголемува квалитетот на наставата (особено практичните вежби), промоцијата во средината и вкупното влијание врз културното живеење на заедницата.<br><br>- Поттикнување на активно учество на студентите во најзначајните проекти на факултетот што резултира со подобар квалитет и резултати во секоја фаза (од анализи и програмирање до реализација и мониторинг), како и со нови облиците на настава и на можностите за усовршување на знаењата и вештините.<br><br>- Дополнително проширувања на традиционалната соработка со средни високобразовни институции од странство во одредени проектни активности на факултетот има централно место во процесите на компаративни анализи, обмислување на заеднички иницијативи, размена на искуства и истражување на нови практики во наставата, односно вкупното функционирање на факултетот.<br><br>- Зајакнатите активности кон потенцијалните донатори (релевантни странски организации и домашна бизнис заедница) се ефектуираа во спонзорства на факултетски проекти, донација на опрема и повластени цени на стоки и услуги – ваквиот пристап е важен супститут за недоволната финансиска поддршка во јавниот образовен сектор во државата, каде што припаѓа и факултетот. |
| **Најголеми предизвици и недостатоци во обезбедување на квалитетот (се наведуваат до 5)** | - Просторните капацитети за изведување на наставата и прачтичните вежби се повеќе од аморизирани – факултетот функционира во привремени објекти (бараки) стари над 60 години.<br><br>- Техничките средства (посебно сценската и информатичката техника) се застарени и дотраени (на пр. опремата на главната сцена е стара над 30 години), а финансиските можности се многу мали за обновување и одржување.<br><br>- Недостасува наставен и администартивен/поможен кадар, особено кај дел од студиските програми односно кај одредени служби на факултетот.<br><br>- Нема системски решенија за подмладување на наставниот кадар, ангажирање на наставници за нови/дополнети студиски и предметни програми (на пр. сценографија, костимографија, анимација, снимање/обработка на звук и др.), и соработка со странски наставници и експерти.<br><br>- Недоволно е финансирањето на научни и уметнички истражувачки проекти на наставниците (вклучувајќи ги и меѓународните) и испитните/практичните вежби на студентите. |

| ПРЕДЛОГ КОНКРЕТНИ МЕРКИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СЛАБОСТИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стандард** | **Индикатор** | **Мерка** | **Вредност Г1** | **Проектирана вредност Г2** | **Рок** | **Надлежно тело** | |
| 1. | 1.1. | М1 Капитални инвестиции за решавање на просторните капацитети на факултетот | 30,000,000,00 | +30% | 5 години | Министерство за образование и наука, УКИМ | Мин обра |
| | | М2 Иницијативи/проекти за стемско и контиунуирано обезбедување на финансиски средства за реализација на предвидените активности во студиската програма (театарски претстави, документарни филмови и други сценскоизведувачки дела) | 2 проекти | -1 | 1 година | УКИМ, Агенција за филм, Министерство за култура и туризам, Министерство за образование и наука | УКИ фил за ку Мин обра |
| | | М3 Работилници за вклучување на студентите во реформите на студиските програми и нивното осовременување | 2 работилници | +/- 1 | 3 години | ФДУ | ФДУ |
| | | М4 Формирање на тело кое ќе биде надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет | 1 | | 1 година | ФДУ | ФДУ |
| | | М5 Иницијатива за системски и автономни решенија на факултетот/универзитетот за подмладување на наставниот кадар и ангажирањето на наставници и стручњаци надвор од земјата и од странство | 1 | | 1 година | Министерство за образование и наука, Влада на РСМ | Мин обра Влад |
| | | М6 Подготовки за акредитирање на студиски програми на англиски јазик | 1 анализа | | 1 година | ФДУ | ФДУ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | 2.2. | М1 Вклучување на студентите во модификација на студиските програми | 2 работилници | +/- 1 | 1 година | ФДУ | ФДУ |
| | | М2 Мапирање на потенцијален академски кадар за акредитирање на дефицитарни студиски програми од обласа на филсмката и театарска уметност (звук, мултимедија, сценографија, костимограгфија, анимација…) | 1 анализа | | 1 година | ФДУ | ФДУ |
| | | М3 Креирање на база со статистички показатели за вработливоста и потребите на општеството, пазарот на труд и културата | 1 дата-база | -1 | 2 години | ФДУ | ФДУ |
| | | М4 Редизајнирање на веб-страната и нејзино постојано ажурирање | 1 веб ре-дизајн | | 2 години | ФДУ | ФДУ |
| 4. | 4.3. | М1 Прецизирање на начинот на вреднување на различни форми на неформалното учење (на пр. усовршување преку практична работа, учество на работилници и сл.) во соодветните силабуси на предметните/студиските програми – општа системска рамка како дел од подготовки на следна акредитација на наставните програми | 1 анализа | -1 | 1 година | ФДУ – катедри на факултетот | ФД |
| 5. | 5.3. | М1 Вработувања на наставен кадар кој недостасува – дефинирање на приоритети и соодветни постапки во рамки на надлежните министерства | 3 вработувања | -1 | 1 година | ФДУ, УКИМ, Министерство за образование и наука, Министерставо за финансии | Ми обр нау Ми фи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5.5. | М1 Унапредување на просторните и технички капацитети – спецификација за конкретни потреби (вклучувајќи податоци за креирање на основен идеен план за реконстукција на просторот) и иницијатива за обезбедување на финансиски средства | 1 спецификација | -1 | 3 години | ФДУ, УКИМ | Ми обр нау до |
| | 5.6. | М1 Обезбедување на можности за професионално усовршување на наставниот кадар преку проектни активности на факултетот | 2 проекти | | 1 година | ФДУ | ФД ра фа |
| | 5,7, | М1 Интензивирање на учество на визитинг професори и стручњаци од практиката во рамки на вкупниот наставен процес преку проектни активноси на факултетот, односно соработка со релевантни домашни и странски организации | 2 проекти | | 1 година | ФДУ | ФД ра фа |
| 6. | 6.1. | М1 Анализа на потенцијалите за финансирање на уметнички и научноистражувачки проекти и нивно искористување | 1 анализа | -1 | 1 година | ФДУ | ФД |
| | 6.2. | М1 Унапредување на технички капацитети – спецификација за конкретни потреби за набавка и одржување | 1 спецификација | | 1 година | ФДУ, УКИМ | ФД |
| | 6.3. | М1 Дополнување на административна/помошна служба со нови вработувања – дефинирање на приоритети и соодветни постапки кај надлежните министерства | 3 вработувања | -1 | 1 година | ФДУ, УКИМ, Министерство за образование и наука, Министерставо за финансии | Ми обр нау Ми фи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М2 Обуки за надградување на компетенциите на вработените кои управуваат со сценска/филмска техника (студио за наставна продукција на факултетот) | 1 обука | | 1 година | ФДУ | ФД ра фа |
| | 6.6. | М1 Креирање на функционален систем за континуирано инволвирање на алумни заедницата во работењето на факултетот – формирање на формално тело | 2 седници | -1 | 1 година | ФДУ | ФД |
| 7. | 7.1. | М1.Набавка на современа копјутерска опрема и лиценцирани програми за собирање на алумни податоци | 150000.00 | +/-20% | 2 години | УКИМ, Министерство за образование и наука | Ми обр нау |
| 8. | 8.1. | М1 Проактивна и консистентна вклученост на демонстраторите во фазата на промоција на ФДУ (веб-страна /социјални мрежи). | 2 проекти | | 1 година | ФДУ | ФД |
| 9. | 9.1.<br>9.3. | М1 Зголемување на мобилноста на студентите.<br>М2 Обезбедување на средства за меѓународна соработка. | 2 проекти | +/-1 | 1 година | ФДУ, УКИМ | Ми обр нау аге евр обр |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 9.4. | М1 Зголемено учество на наставниот кадар во уметничко/научно-истражувачки проекти<br>М2. Ангажирање на визитинг наставници/уметници<br>М3. Развој на меѓународна соработка<br>М4 Подготовки за следна акредитација на студиски програми на англиски јазик | 3 проекти | -1 | 1 година | ФДУ, УКИМ | УК<br>Ми<br>обр<br>нау<br>Ми<br>кул<br>Гра<br>инт<br>фо |